Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-317/2
15.10.2021 Година

[redacted]

Почитувани,

Од Ваша страна, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, со Ваш број 0302-84/1 од 12.10.2021 година.

Во продолжение, Ви ги доставуваме бараните податоци, редоследно:

1. Колку постапки за спречување и заштита од дискриминација имате покренато по службена должност во периодот од 1 јули до 30-ти септември 2021 година и по кои основи?

- Во наведениот период, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има покренато вкупно 3 постапки од кои 2 се поврзани со сегрегграција како облик на дискриминација врз основа на етничка припадност и 1 постапка поврзана со дискриминација врз основа на физичка попреченост во областа на право на учество во јавниот и политичкиот живот.

2. Колку претставки имате примено во периодот од 1 јули – 30 септември 2021 година и по кои основи?

- Во наведениот период Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има примено вкупно 27 претставки по следните основи:

- раса, боја на кожа, социјално потекло, национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група, имотен статус или друга основа – 4 претставки;
- Сексуална ориентација и родов идентитет - 5 претставки;
- Образование – 3 претставки;
- Род – 1 претставка;
- Ментална и телесна попреченост – 1 претставка;
- Етничка припадност – 1 претставка;
- Телесна попреченост – 2 претставки;
- Ненаведено – 5 претставки;
- Социјален статус – 1 претставка;
- Пол, семејна или брачна состојба – 1 претставка;
- Личен и општествен статус – 1 претставка;
- Пол – 1 претставка и
- Здравствена состојба – 1 претставка.

3. Колку претставки имате наследено од претходната Комисија?

- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од претходната Комисија има наследено 78 претставки.

4. Колку мислења, препораки и заклучоци имате донесено во периодот од 1 јули до 30 септември?

- Во наведениот период Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има донесено вкупно 10 мислења, препораки и заклучоци од кои најголемиот дел се поднесени во септември.

5. Колку постапки траеле подолго од 60 дена согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација во периодот 1 јули – 30 септември?

- Вкупно 4 постапки.

6. Колку општи препораки во случај на дискриминација имате упатено согласно член 28 од ЗСЗД во периодот 1 јули – 30 септември?

- Вкупно 1 во поглед на пристапност до избирачките места во претстој на локалните избори.

7. Каков вид на соработки сте реализирале со други лица и институции во полето на заштитата од дискриминација во периодот 1 јули – 30 септември?

- Потпишани се 3 меморандуми за соработка, со ФФМ во областа на промоција на еднаквост и недискриминација, со Полио плус и со МЗМП.

8. Колку конференции за медиуми имате одржано во периодот од 1 јули – 30 септември 2021 година?

- Во наведениот период Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема одржано конференција за медиумите. Во текот на наредниот месец ќе се одржи настан за презентација на кварталниот извештај и презентација на веб страна и алатката за пријавување на дискриминација.

9. Колку подзаконски акти имате донесено во периодот 1 јули - 30 септември?

- Во наведениот период Комисијата има изработено Деловник за работа, Буџет за 2022 година, Годишен план за вработување, Стратешки план 2021-2026 и Годишна програма за работа за 2022 година.

10. Колку вработени имало во стручна служба во периодот 1 јули – 30 септември?

- Во Стручната служба на Комисијата за спречување и заштита од дискриманација, има вкупно 6 вработени административни службеници, сите пријавени во Комисијата од 16 јули 2021 година и 2 практиканти.

Ви стоиме на располагање за сите евентуални дополнителни информации.

Со почит,

Престедателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk